Врз основа на член 17, 17-а 17-б, 17-в, 17-г, 17-д, 19,20, 26, 26-а,27,28 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, за пројавување на интерес за пријавување кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/24), Советот на Општина Куманово објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр.03/26-повторување на дополнување**
**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 2 (два) членови на Управен одбор и 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово**

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВЕН ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е избор 2 (два) членови на Управен одбор од кои 1 (еден) да е од областа на финансиско работење и 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово од областа на правните работи

Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово со седиште на ул.„ ЈНА "бр.108 во Куманово, со веб страна www.jppazarista.org е правно лице кое врши дејност од јавен интерес:

-Организаирање и стопанисување со зелените пазари и добиточниот пазар на територија на Општина Куманово

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1 Заинтересираните лица кои што ќе се пријават на јавниот повик за избор на членови на Управниот одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово треба да ги исполнуваат следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- најмалку 5 (пет) години работно искуство,
- најмалку 5 (пет) години работно искуство, еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиското работење).

2.2. Заинтересираните лица кои што ќе се пријават на јавниот повик за избор на членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово треба да ги исполнуваат следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

## 3.РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ И ВИСИНА НА ФИНАНСИСКИОТ НАДОМЕСТОК

3.1 Согласно Законот за јавните претпријатија Управниот одбор на јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот.

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие и
11. Го избира и разрешува директорот и заменик на директор на јавното претпријатие, основано од Владата на Република Македонија врз основа на јавен конкурс.

Претседателот на управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, Советот на општината односно Советот на град Скопје, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на управниот одбор на јавното претпријатие.

Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

3.2. Согласно Законот за јавните претпријатија за вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење составен од три члена.

Заради вршење на работите на контрола надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.
Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие.
Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.
Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.
Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, Советот на општината односно Советот на град Скопје, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.
Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.
Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.
Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.
Член на управниот одбор/надзорниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие. Секој член на управниот одбор/надзорниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.
Неспојливи се функцијата претседател и член на управниот одбор/надзорниот одбор на јавното претпријатие со функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и градоначалникот на општината и градот Скопје, за јавните претпријатија основани од општината, односно градот Скопје.

## 4.РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА СО ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Кандидатите по јавниот повик бр.03/26- повторување на дополнување поднесуваат пополнета Пријава (**на образец - даден во прилог на јавниот повик – со наведување дали аплицираат за управен или надзорен одбор**) со потребната документација и доказите во хартиена форма (**во оригинал или копија заверена на нотар**) преку Архива на Општина Куманово, секој работен ден од 07:30 -15:30 часот или по пошта до Општина Куманово ул.„11-ти Октомври "бр.ББ Куманово, со назнака „за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор и членови на Надзорен одбор Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово

Рокот за доставување на пријавата трае 05 (пет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик.
Кандидатите по јавниот повик како доказ за исполнување на бараните услови треба да достават :
-Пријава (на образец - даден во прилог на јавниот повик),
- кратка биографија,

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
-потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
-потврда за евидентиран стаж од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија,
-сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон

Комисијата има право да бара дополнителни податоци од кандидатите за утврдување на работниот стаж

**Некомплетната документација и документацијата доставена по истек на рокот за пријавување нема да биде разгледувана од страна на Комисијата**

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Куманово www.kumanovo.gov.mk и на веб-страната на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово www.jppazarista.org

## 5. ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА И ФАЗИ НА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ

Постапката на селекција на кандидатите за членови Управен одбор и членови на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово се спроведува од страна на Комисијата за селекција и се состои од две фази, и тоа:

- Фаза 1 - административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и
- Фаза 2 – интервју (фаза во која преку преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на надзорниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување).

Административната селекција завршува најдоцна 10 работни дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.. Комисијата, најдоцна 10 дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција

Од страна на Комисијата, најдоцна три работни дена од истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик, се проверува дали кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите во јавниот повик.

Бодувањето на кандидатите на секоја од фазите на селекција ќе се изврши на начин предвиден во Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, за пројавување на интерес за пријавување кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Сл.весник на РСМ" бр.213/24).

Од страна на Комисијата се подготвува и до основачот на јавното претпријатије се доставува ранг-листа од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.

Врз основа на ранг-листата, од страна на Комисијата се изготвува предлог на кандидати за членови на Управниот одбор односно членови на Надзорниот одбор на јавното претпријатие и се доставува до основачот на јавното претпријатие, заради донесување на одлука за именување на членови на Управниот одбор односно членови на Надзорниот одбор на јавното претпријатие. Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот, донесува одлука за именување на членови во Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска

Прилог

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум            Потпис на подносителот

_______________            _______________

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>_______________година | Потпис и печат<br><br>_______________ |